*Христо Андонов—Полјански*

# МИСИЈАТА НА ВИЉЕМ МАРТИН ЛИК ВО МАКЕДОНИЈА

МИСИЈАТА на познатиот британски политички и воен работник, археолог, филолог и истражувач Виљем Мартин Лик (William Martin Leake, 1777—1860) во Македонија, изведена во епохата на Наполеоновите војни, е од несомнен интерес за македонската историја. Неговата мисија имала за цел да се испита тогашната современа состојба во Македонија, нејзината стратешка важност, комуникационите потенцијали, политичката раздвиженост и нејзиното културно, пред сè археолошко наследство. Овој негов потфат чинел само дел од поопстојно замислената цел на неговата мисија да испита што поголеми подрачја од европскиот дел на Отоманската Империја, да го осигури британското влијание на овој терен за елиминирање на француските позиции. Посебна тенденција неговата мисија имала во обидот да го привлече познатиот одметник Али Паша Јанински на британска страна со цел да се парира на Наполеоновата јадранска политика. Во склопот на тој интерес била опфатена и Ликовата мисија во Македонија, која во она време заземала централен дел во европскиот дел на Турција.

Мисијата на В. М. Лик специјално во Македонија не е разработена во литературата. Само делумно е опфатена во студиите за англо-турските односи, англо-француските односи и политиката кон Турција, Јадранот и Блискиот исток, а и во врска со односот на англиската политика кон Али Паша Јанински. Особено тоа се однесува на општите дипломатски истории за тој период, потоа за специјалните осврти на британската политика кон Медитеранот, Турција и Блискиот исток. Исто така и во специјалните француски трудови по овој проблем зафатена е и дејноста на В. М. Лик. Така, Е. Дрио (E. Driault) во третманот на источната политика на Наполеон ја зафаќа и мисијата на В. М. Лик[1]). Поопстојни податоци за дејствувањето на В. Лик и за целта на неговата мисија изложува А. Боп (A. Boppe) третирајќи ги при тоа односите на Наполеон и Албанија[2]).

---

[1]) E. Driault, La politique Orientale de Napoléon. Sébastiani et Gardane 1806—1808. Paris 1904, 278 и сл.

[2]) A. Boppe, L'Albanie et Napoléon (1797—1814). Paris 1914, 146—148.

Во специјалните расправи за Али Паша Јанински, како и за неговите односи со Велика Британија и за Албанија во негово време, разгледана е и мисијата на В. М. Лик. Така, В. Пломер (W. Plomer) во биографијата за Али Паша Јанински ја третира и мисијата на В. Лик[3]). Со ползување на богат архивски и мемоарски материјал Ј. В. Бегали (J. W. Baggally) детализирано ја разгледува Ликовата мисија, но повеќе се задржува на односите со Али Паша Јанински и односот на Британија кон него[4]). Во најновата студија за Албанија во Али-Пашиното време Г. Л. Арш обрнува внимание на Ликовата мисија, а одделно се задржува на неговите патеписни трудови[5]). Сличен третман наоѓаме и во најновата историја на Албанија[6]).

Вредноста на патеписните трудови на В. М. Лик и на оние во кои е третирана Македонија, со внимание е одбележана во студиите по ова прашање. Тие се оценети како стојносни дела за подоброто испитување на Балканскиот Полуостров во време на Наполеоновите војни. Во врска со ова особено е забележителна расправата на К. Стојанов—Влканов, кој им посветува видно место на Ликовите истражувања[7]). Придонесот на В. М. Лик за класичните истражувања, како и за културните богатства од поновото време, служел како тема на разгледување. Во тоа спаѓаат прилозите на Е. Курциус (E. Curtius)[8]), Ј. Е. Сандис (J. E. Sandys)[9]) В. А. Погорелов[10]) и Х. Поленаковиќ[11]). Исклучително внимание на дејноста на В. М. Лик е посветено и во енциклопедиските прирачници и биографски речници[12]).

Опусот на В. М. Лик служи како веродостоен показател на опфатноста и резултатите на неговата мисија. Во поглавните негови трудови наоѓаме ценет материјал за мисијата во Македонија, а особено за целите на таа мисија, податоци за современата состојба на Македонија, детализирани осврти на минатото и културното наследство на македонските градови и области, воопшто за минатото на Македонија. Во прв ред тука доаѓаат предвид: „Истражувањата во Грција” (1814)[13]) „Патувања во

---

[3]) W. Plomer, Ali the Lion.Ali of Tebeleni Pascha of Jannina. London 1936, 125 и сл.

[4]) J. W. Baggally, Ali Pascha and Great Britain. Oxford 1938, 29—46.

[5]) Г. Л. Арш, Албания и Эпир в конце XVIII-начале XIX в. Москва 1963, 10—11, 211—212.

[6]) Historia e Shqipërisë. Tiranë 1959, 18, 21, 28, 459—460.

[7]) К. Стоянов — Вълканов, Европейски пътешественици на Балканския Полуостров през време на Френската революция. — Македонски преглед I/3 (1925), 83—86.

[8]) E. E. Curtius, William Martin Leake und die Wiederentdeckung der Klassischen Länder. — Preussische Jahrbücher 38 (1876), 242—252; Исто во: „Alterthum und Gegenwart”. Vol. II, 305—322.

[9]) J. E. Sandys, A History of Classical Scholarship. Vol. III. Cambridge 1908, 442—443

[10]) В. А. Погорелов, Даниловият четиреезичник. — Сб БАН XVII/11 (1925), 2—48.

[11]) Х. Поленаковиќ, Даниловиот „Четиријазичник”. — Културен живот 11—12 (1962), 28—29.

[12]) Напр. — Nouvelle Biographie Générale, Vol. III (Paris 1859), 54; Dictionary of National Biography. Vol. XXXII/1892 (London), 323—324; The Encyclopedia Britannica, vol. XV (1911), 329.

[13]) Researches in Greece. London 1814, XIX—472.

северна Грција" (1835),[14]) „Еден историски преглед на Грчката Револуција" (1825)[15]), „Нумизмата Еленика" (1854)[16]) и многу други.

Најповеќе детали за мисијата на В. М. Лик во Македонија наоѓаме во дипломатските извештаи. Тие предимно се наоѓаат во фондовите на официалната Архива на Велика Британија — Public Record Office. Од интерес за нашата тема се фондовите со материјали по потекло од самиот В. М. Лик. Тоа се извештаи и други материјали што В. М. Лик ги испраќал до своите претпоставени од теренот во Турција за периодот од 1804 до 1809 година. Во нив наоѓаме стојносен материјал и за мисијата на В. М. Лик во Македонија во периодот од 1805—1809 година. Тука спаѓаат и материјалите од другите британски дипломатски и воени службеници заангажирани околу мисијата на В. М. Лик или пак од тогашните врвни британски дипломати, кои биле живо заинтересирани за приликите во Отоманската империја а во врска со односите со Франција и нејзиното навлегување на ова подрачје[17]).

За комплетирање на мисијата на В. М. Лик материјали наоѓаме и во објавените архивски документи или во преписката на личностите кои директно или индиректно биле заангажирани во оваа негова мисија. Тука доаѓаат материјалите и преписката на: Г. Л. Н. Колингвуд (G. L. N. Collingwood)[18]), Р. Адаир (R. Adair)[19]), Али Паша Јанински[20]), како и документацијата од француските[21]) и руските[22]) дипломатски архиви за периодот од 1805—1809 г.

Стојносен материјал за мисијата на В. М. Лик наоѓаме и во некои трудови од мемоарски карактер. Тука пред сè доаѓа предвид Мемоарот посветен на животот и делото на В. М. Лик, што го објави Ј. Х. Марсден (John Howard Marsden)[23]). Овој Мемоар е полн со податоци за животот и делото на В. М. Лик. Претставена е целокупната негова политичка и

---

[14]) Travels in Northern Greece. Vols. I—IV. London 1835.

[15]) An Historical Outline of the Greek Revolution. London 1825, 75.

[16]) Numismata Hellenica: A Catalogue of Greek Coins. London 1854.

[17]) Напр. PRO-FO 78/ 44, 56, 57, 58, 61, 65, и др. за 1803—1809.

[18]) G. L. N. Collingwood, A Selection from the Public and Private Correspondence of Vice-Admiral Lord Collingwood: Interpressed with Memoirs of His Life. London 1829, 320—424.

[19]) R. Adair, The Negotiations for the Peace of the Dardanelles and Official Documents. Vols. I—II. London 1845, 21—146.

[20]) F. H. Marshall, Four Letters of Ali Pacha to William Martin Leake. — Byzantinisch—Neugriechische Jahrbücher IX (1932), 158—168, L. K. Mile, Rreth marrëdhënieve diplomatike të Ali Pashë Tepelenës me Francën ahe Anglinë gjatë v. 1797—1808. — Studime historike (Tiranë) 2 (1964), 97—115.
L. Mile, Sur la Caractère du Pouvoir D'Ali Pacha de Tépélène. — Ier Congrès International des Études Balkanique et Sud—Européennes. — Tirana 1966, 42—48; Idem, Rreth marrëdhënieve., 102—115.

[21]) Види осврт за француските дипломатски документи за овој период: M. Mile, Sur la Caractère du Pouvoir D'Ali Pacha de Tépélène. — Ier Gougrès International des Études Balkanique et Sud-Européennes. — Tirana 1966, 42—48: Idem, Preth marrëdhë nieve., 102—115.

[22]) Внешная политика России XIX и начала XX века. Серия I, т. III—IV. Москва 1963, 1965.

[23]) A Brief Memoir of the Life and Writings of the Late Lieutenant — Colonel William Martin Leake. (Ed. J. H. Marsden). London 1864, 43.

воена дејност, а особено неговата мисија во Отоманската империја. Корисен материјал е изложен и конкретно за мисијата на В. М. Лик во Македонија. Мемоарот содржи и извадоци од официјалната британска документација и од заоставштината на В. М. Лик. Токму затоа овој Мемоар претставува извонреден изворен материјал, од него можат да се комплетираат низа поединости во врска со Ликовата мисија во Македонија.

Акцентирајќи го значењето на архивскиот, мемоарскиот и другиот материјал, како првокласен извор за мисијата на В. М. Лик во Македонија, должни сме да истакнеме дека базирајќи се токму на него, се обидуваме да дадеме само еден прилог во обработката на поставената тема. Сметаме дека тоа претставува само почеток во обработката на мисијата на В. М. Лик во Македонија како дел од неговиот голем потфат да ги опфати скоро сите најзначајни подрачја од европскиот дел на Отоманската империја.

## I.

Ангажирањето на В. М. Лик во британските политички и воени мисии не станало случајно. Тој потекнувал од истакнато британско семејство и стекнал мошне солидно образование во Royal Military Academy. Во 1794 година бил одреден да служи во Западна Индија, а веќе во 1799 година, по унапредувањето во чин капетан, бил одреден во мисија за Цариград. Целта на оваа прва негова мисија била поврзана со работата околу инструктирањето во турската армија[24]) која, поради реорганизацијата на модерни воени начела, имала потреба од европски инструктори. Меѓутоа, таа негова мисија имала и политички призвук. Тоа го гледаме и од брзото ангажирање на В. М. Лик од Цариград да премине во Египет, кој бил загрозен од Наполеоновите напади. Во Египет Лик останал доста кратко, за да се врати повторно во март 1801 година. Во Египет тој се задржал до март 1802 година. Овдека се здобил со првите искуства во изготвувањето на политички и воени прегледи[25]),

Од Египет В. М. Лик се префрлил во Грција и во Атина, каде покрај испитувањето на политичката и воената состојба, се занимавал со богатите антички знаменитости, за кои покажувал посебен интерес и љубов. Од Грција преку Италија се вратил во Британија и во јануари 1803 година веќе се наоѓал во Лондон[26]). Оваа прва мисија на В. М. Лик, иако имала ориентационен карактер, придонела многу за неговото збогатување со познавање за политичката, воената, економската и културната состојба во овие, за она време, чувствителни точки на Медитеранот. Таа негова мисија била оценета успешно и како прв чекор во сондирањето на теренот, за кој Британија пројавувала посебен интерес. Меѓутоа, сè посилното ангажирање на Франција на Медитеранот, на Блискиот исток, а посебно во Турција, ги возбудувало британските политички фактори. Токму затоа и се настојувало да се минира француското влијание и посилно да се обезбедат британските позиции. Но, ова

[24]) A Brief Memoir., 1—2.
[25]) A Brief Memoir., 3—10; E. Curtius, William Martin Leake, 239,
[26]) A Brief Memoir., 11—12.

подрачје се наоѓало и во жизнената прицелна точка на Наполеоновата политика. Така, тој по заземањето на Египет настојувал што повеќе да ја привлече Портата на своја страна. За таа цел и го испратил својот емисар Себастијани во специјални мисии во Турција и тоа уште во 1801 и 1802 година. Тој требало да го засили француското влијание, француските економски позиции и да ја испита стратегиската важност на некои турски центри[27]). Освен тоа, Балканот сè повеќе станувал привлечна точка во амбициозната завојувачка политика на Наполеона. Таа негова политика, воопшто неговиот победоносен поход низ Европа, силно ги возбудувал британските господаречки кругови. Стравот од Наполеоновото навлегување и на овој терен, на Балканот и на Медитеранот, го истакнувале и британските дипломати во Турција. Хаотичната состојба во Турција, создадена поради зголемената општествено-политичка и економска криза, а и поради расцепканоста на земјата, што настанало како резултат на одметничката политика на некои полунезависни феудални владетели, овозможувала поефикасно странско мешање. Британскиот амбасадор во Цариград В. Драмонд (W. Drummond) во еден извештај од 7 јуни 1803 година истакнува дека „за да се оневозможи оваа Империја да стане плен во амбициозните потфати на Франција, не може а да не остане и натаму главен предмет на британската политика. Сегашната ослабеност на отоманската сила, сосема природно, го тера Султанот да воспостави пријателство со Велика Британија, како најцврста безбедност против махинациите на неговите отворени и тајни непријатели"[28]). Покрај овие воопштени констатации за состојбата на Турција, амбасадорот во овој ист извештај и отворено ја навестува опасноста нагласувајќи дека: „Постојат многу причини да се верува дека Французите смислуваат напад на Мореја и Египет, спрема тоа моја желба е на Турците да им се даде помош на време"[29]).

Можноста од француска опасност за пределите во западните граници на Отоманската империја се очекувала не само од Портата, туку и од британските политички фактори. Таа претставувала директна загрозеност на британските позиции на овој терен, а тоа можело да има реперкусии од поширок домен. Затоа британската влада сметала за потребно да се елиминира француското влијание и како најосновно да се испитаат загрозените подрачја. Како прва мерка било упатувањето на опитен дипломатски службеник кој трабало да биде поеластичен, поверзиран и покомуникативен во информирањето и во стекнувањето позиции од службениците на Левантинската компанија, заангажирани со економски, а и со политички задолженија на овој терен, исклучувајќи ја тајната мисија на У. Хамилтон во Албанија, 1803 г. Така, британската влада во јануари 1804 година го назначила Џон Мориер (John Morier)

[27]) W. Miller, The Ottoman Empire and Its Successors. 1801—1927. Cambridge 1936, 31—32; E. Driault, La Politique Orientale., 20—26; Idem, La Grande Idée. Paris 1920, 91—93.

[28]) W. Drummond — Lord Hawkesbury. Bouyoukdere, 7th June 1803 (PRO-FO 78/40. Turkey-W. Drummond. May to December 1803).

[29]) Ibidem.

за Генерален конзул во „Албанија, Мореја и соседните територии на Отоманската Империја" („Albania, the Morea, and the adjacent Territories of the Ottoman Empire"). Во специјалните инструкции, што овој конзул ги добил на 13 јануари 1804 година од британската влада, се прецизирани стриктните негови задолженија на ова подрачје. Од нив се гледа дека неговата јурисдикција зафаќала и домен од Румелија, во кој се вклучувало и Македонија. Потоа, тој бил задолжен насекаде да создаде поволна клима во полза на Британија. Посебно била подвлечена загриженоста поради опасноста од Франција и можноста од нејзиното навлегување. Затоа се сугерирала и се навестувала британска помош, со можност на директно ангажирање. Во таа смисла Мориер бил задолжен да алудира за будност и подготвеност од евентуална француска опасност. Тој бил задолжен во подробности да ја известува британската влада за реченото понапред, а особено околу можноста за француски напад и за опсегот на француското влијание на одредените клучни пунктови[30]).

Назначувањето на Џ. Мориер придонело за поизразитото засилување на британското влијание во западните делови на Отоманската империја. Од неговата преписка, што тој ја испраќал до своите претпоставени во периодот 1804—1806 година, се гледа дека тој успешно ја вршел својата мисија. Особено настојувал да ја стекне довербата на Али Паша за да се осигури британското политичко влијание во Албанија и во нејзините соседни области[31]). Од друга страна и самиот Али Паша сметал на британската помош, појдувајќи од своите политички интереси и цели за парирање на централната власт, за зголемување на своите поседи за сметка на соседните одметнички паши и да создаде контра соодноc спрема француското влијание и интерес на ова подрачје. Меѓутоа, сè поголемото Наполеоново проширување барало преземање на нови британски иницијативи како на Медитеранот, така и на клучните балкански и јадрански подрачја. Како можност одново била навестувана потребата од специјални политички емисари, кои поефектно од дипломатските службеници би вршеле доверлива мисија. Токму за таква една нова планирана мисија изборот паднал на В. М. Лик, во чии способности се полагале големи надежи.

На мисијата на В. М. Лик ѝ било определено строго политичко значење. Тој имал за задача да го сондира теренот на едно пошироко подрачје во Медитеранот и поспецијално во европскиот дел на Отоманската империја. Затоа неговата мисија имала две цели: 1. Да направи преглед за воените возможности на островот Сардинија и 2. Да ги испита можностите во европскиот дел на Отоманската империја во случај на одбрана од евентуална француска агресија. За испитувањето на Сардинија инсистирал адмиралот Нелсон, кој како врховен командант на

---

[30]) Instructions to John Morier. Downing Street January 13th 1804. (PRO FO 78/44. Turkey. John Morier. January to December 1804).

[31]) Рускиот дипломатски претставник Г. Д. Моцениго во Републиката на Седумте Острови, во еден извештај од 8 септември 1804. г. пишувал дека: „Нема големо сомневање во интересот, што го има лондонскиот двор во подршката на јанинскиот везир". (Г. Л. Арш, Албания и Эпир., 211).

британската флота на Медитеранот полагал големи грижи за елиминирање на францускoто господство на ова подрачје. Тој тоа стриктно го поврзувал со обезбедувањето позиции на Левантот. Британската влада го прифатила предлогот на Нелсон, но само како споreден потфат кон изведувањето на главната мисија на В. М. Лик во европскиот дел на Отоманската империја[32]). Токму и за оваа главна мисија тој добил специјални инструкции датирани на 28 август 1804 година. Во нив уште во почетокот се нагласува дека границите на Отоманската империја од евентуален француски напад претставувале „an object of great importance.”. Потем, во инструкциите во 12 точки се прецизирани сите значајни задолженија на В. М. Лик, на кои тој требало да се придржува при изведувањето на својата мисија. Како основно се поставувало испитувањето на европските делови на Отоманската империја директно или индиректно изложени на француски напад. Затоа и била наведена задачата за укажување содејство на турските команданти на областите за усовршување на одбраната, за премерување и изготвување планови на важните пунктови. В. М. Лик бил задолжен да ги посети сите тврдини и да ја испита нивната состојба. Освен запознавањето со важните точки на брегот на Грција и Албанија, В. М. Лик бил задолжен да се запознае и со внатрешноста во европскиот дел на Турција за да добие општи познавања на земјата, односно „general knowledge of the face of the country”. Овие познавања биле значаен елемент во случај на француски десант на бреговите. Посебна грижа В. М. Лик требало да положи за испитување на комуникациите и премините што воделе од Цариград од една страна и од Мореја од друга. Целта била да се испита ефектноста на овие магистрални комуникации. Посебно задолжение В. М. Лик добил околу привлекувањето на Али Паша Јанински на британска страна. Задачата му била стриктно определена и во врска со испитувањето на политичката и воената расположба на населението. За сите детали тој бил задолжен да ги известува односните британски дипломатски претставници во Отоманската империја, на Медитеранот и на Форењ Офис во Лондон[33]).

Откако ги добил потребните упатства и документи, В. М. Лик во септември 1804 година ја напуштил Британија. Во Медитеранот се сретнал со адмиралот Нелсон, потоа ја посетил Малта и запловил за Крф и Занте, а оттаму кон грчките брегови на Мореја, каде што слегол во февруари 1805 година[34]). Со тоа започнала неговата политичка мисија на Балканот, од која, сосема природно, се очекувало многу, а најповеќе очекувале британските заинтересирани фактори за осигурување на нивните позиции на оваа, за она време, така важна сфера на влијание. Во неговата мисија се полагала голема надеж. Пред сè и заради тоа, што тој ја уживал довербата на британската влада и дека лично тој, како што

[32]) A Brief Memoir., 12—13.

[33]) Lord Harrowby — W. M. Leake, Downing Street, 28th Auguste 1804. (PRO-FO 78/57. Turkey. Captain W. M. Leake. November 1803 — December 1807); A Brief Memoir., 16—19.

[34]) A. Brief Memoir., 15—16; E. Curtius, W. M. Leake, 242—243.

се изразил лордот Нелсон „he merits their confidence"[35]). Доверливата и строго политичката заднина на оваа мисија е повеќе од очигледна. Токму затоа и се придавала таква важност. Од друга страна и од тие причини бил избран протагонист во личноста и рангот на В. М. Лик, кој ја осведочил својата доверливост и способност за вакви одговорни потфати. Од друга страна, тој располагал со солидни знаења од географија, од политичката историја, како и од класичните науки. Сето ова ги чинело претпоставките кои ветувале дека мисијата на В. М. Лик ќе вроди со плод, дека резултатите ќе бидат корисни, пред сè за ширирување на британското влијание на балканското подрачје како чувствителна точка на тогашната британска политика и како спротивставување на Наполеоновите пенетрации во овој дел на светот.

## II.

Мисијата на В. М. Лик може да се сведе на неколку етапи. Првата етапа го опфаќа периодот од почетокот на неговата мисија: февруари 1805 година до неговото затворање во Солун: февруари 1807 година. Втората етапа го опфаќа неговото затворање и ослободување и повторно враќање во Британија. Третата етапа го опфаќа неговото повторно ангажирање во нова мисија: есента 1808 година до крајот на 1809 година.

Во првата етапа В. М. Лик стриктно се придржувал на инструкциите што ги добил од својата влада. Главно тој бил ангажиран за испитување во европските делови на Отоманската империја. Посетил низа области и краишта и тоа во Грција, Тесалија, Епир, Македонија и Албанија. За време на оваа тура ги собирал бараните податоци поврзани со комуникациите, местоположбата на главните центри нивната стратегиска важност и системот на одбрана, како и географски, археолошки и други податоци од интерес. Секако главната ориентација му била местоположбата на бреговите, премините од внатрешноста кон нив, како и состојбата во Македонија и Албанија. Посебен интерес имал кон западните делови на Македонија и Албанија. Во едно писмо од 4 ноември 1805 година, што го напишал во Јанина, В. М. Лик соопштува некои детали за турата на испитувањата што ја направил во подрачјата: Јанина до Мецово, Гревена, Сјатиста и Костур; потоа: Костур до Билишта, Корча и Берат и од Берат до Клисура, Пермети и Јанина[36]). Вакви тури В. М. Лик правел често и во другите соседни места на спомнатите подрачја. За својот пат тој испраќал подробни извештаи до своите претпоставени. Низа извештаи испратил и за својот пат низ јужна и западна Македонија, на кои ќе им обрнеме посебно внимание во натамошното излагање.

За време на изведувањето на Ликовата мисија меѓународната ситуација знатно се изменила. Тоа е времето кога Велика Британија настојувала што повеќе да го зајакне антинаполеоновиот сојуз, особено по прогласувањето на Наполеон за император, што се изразува во создавањето на Третата коалиција. Меѓутоа, наспроти тоа силата на Наполеон

---

[35]) A Brief Memoir., 19.

[36]) W. M. Leake-Lord Mulgrave, Joannina, 4 th November 1805. (PRO-FO 78/57).

сè повеќе се зголемувала иако за извесно време останала замаглена, а особено по големата победа на британската и шпанската флота, на чело со адмиралот Нелсон кај Трафалгар (21. X. 1805 г.). Оваа британска победа значително ги ојакнала британските позиции за Медитеранот. Останувајќи без медитеранска флота, сите свои акции Наполеон ги ориентирал кон потчинување на европскиот континент по суво. Така, се редат неговите победи кај Улм, заземањето на Виена и големата победа кај Аустерлиц. Тоа довело до заклучување на Пожунскиот (Братиславскиот) мир (26. XII. 1805), според кој, меѓу другите земји и Далмација му била оставена на Наполеона[36а]).

Пробивот на Наполеон во југоисточна Европа: паѓањето на Виена и неговото навлегување во Далмација, одново ги загрозило британските интереси и позиции на Балканот. Од своја страна и самиот Наполеон барал начини да ги зголеми позициите кај Портата што било поврзано со познатите негови „проекти за Истокот”. Повторно сега е активиран генерал Себастијани, кој од јуни 1806 година ја вршел должноста француски амбасадор кај Портата[37]). Како главна опора на француското влијание во Турција, Себастијани силно влијаел кај Портата за прекинување на односите помеѓу Турција од една страна и Турција и Британија од друга. Тој исто така го убедувал Султанот да заклучи воен сојуз против Британија и Русија[38]). Тоа довело првин до војна помеѓу Турција и Русија, а потем помеѓу Турција и Велика Британија во февруари 1807 година. Блокирањето на Дарданелите од страна на британската флота дошло како последица на таа војна. Тој притисок Турција не можела да го издржи и затоа и започнале преговорите за мир, кои продолжиле сè до 1809 година[39]).

Сите овие настани посредно или непосредно ја додирнувале мисијата на В. М. Лик во европскиот дел на Отоманската империја. Навлегувањето на Французите во Далмација довело и до посилното француско ангажирање во Албанија кај Али Паша и во западна Македонија. Установувањето на француски генерален конзул во Јанина на чело со Пуквил во февруари 1806 година, значело крупен чекор напред во обезбедувањето на француските позиции на овој терен. Од друга страна и Али Паша ја ползувал новонастанатата состојба, пред сè за свои цели и потфати[40]). Уште повеќе, влошувањето на англо-турските односи и нивното конечно прекинување, придонеле за осетно влошување на мисијата на В. М. Лик. Новонастанатата положба се одразила врз изведувањето на испитувачките потфати од страна на В. М. Лик. Тој сега како persona non grata

[36а]) Види: S. Antoljak, Comment la Dalmatie devint française. Annales de l'Institut français de Zagreb 8 (1939), 50—56; истиот, Predaja Dalmacije Francuzima (1806). Rad JAZU 288 (1952).

[37]) E. Driault, La Politique Orientale., 55—61.

[38]) J. A. R. Marriott, The Eastern Question. Oxford 1958, 175; В. П. Потомкин и др., История на дипломацията. София 1961, 500.

[39]) E. Driault, Op. cit., 89—97; Ward A. W., G. P. Gooch (Ed.)., The Cambridge History of British Foreign Policy. Vol. I (1783—1815). Cambridge 1922, 358—371.

[40]) Види: Plomer W., Op. cit., 124; A. Boppe, Op. cit., 39—42; Historia e Shqipërisë, 459—460; Г. Л. Арш, Op. cit., 231—233; Внешная политика России', Т. III, 697.

не можел без пречки да ја врши својата мисија. А одозгора на тоа бил затворен во Солун во февруари 1807 година. Во едно писмо од 20 октомври 1807 година испратено до Г. Канинг (George Canning), тогашен британски секретар за надворешни работи, В. М. Лик го опишува случајот на своето затворање. Тој истакнува дека еден месец пред да биде испратен ферманот за објавување на војна помеѓу Турција и Велика Британија, во Солун, тој бил затворен со што започнала и неговата втора етапа од мисијата. В затвор се наоѓал осум месеци. Како што самиот вели бил затворен во „. . .an unwholesome apartment in the Turkish Quarter of Salonica". Во затворот добил повеќе болести и тоа мошне тешко се одразило врз неговата состојба. Во писмото, меѓу другото истакнува дека емисарите на Себастијани барале од него да им ги предаде хартиите што ги имал, а тие ќе го овозможиле неговото ослободување. Меѓутоа, В. М. Лик тоа го одбил. Тој потоа истакнува дека во таа новонастаната ситуација не можел понатака да ја врши својата мисија[41]).

Затворањето на В. М. Лик во Солун сериозно се одразило врз континуитетот на известувањата за текот на настаните во Албанија и Македонија. Затоа британските фактори изнајдувале начини да го овозможат неговото ослободување. Така, Д. Д. Мориер од еден британски брод соопштувал на 11. IX. 1807 г. за затворањето на В. М. Лик и инсистирал за зачувување на неговата архива[42]). Поголеми интервенции презел Артур Пеџет (Arthur Paget), кој од 15 мај 1807 година бил назначен за британски амбасадор кај Портата. Тој во едно писмо што го испратил до Г. Канинг на 1 октомври 1807 година од бродот „Тетис" (Thetis), соопштува дека од него го примил писмото датирано на 14 август 1807 година, во кое барал да интервенира за ослободување на Лик од солунскиот затвор. А. Пеџет одговорил во ова писмо дека ја направил потребната интервенција[43]). Во едно друго писмо од 22 октомври 1807 година, исто така испратено до Г. Канинг, А. Пеџет соопштува дека добил известување од турските власти дека В. М. Лик бил ослободен од солунскиот затвор. Тој истакнува дека наредил на еден брод да го земат Лика од Солун, и му дал инструкции за неговата натамошна работа[44]).

По ослободувањето од затворот, и покрај поранешното инсистирање дека нема повеќе услови за изведување на мисијата, В. М. Лик продолжил веднаш да ги спроведува инструкциите што ги добил од А. Пеџет. Ова негово повторно ангажирање дошло како резултат на новонастанатите односи во Европа. Имено, по поразот на Австрија дошло до создавање на четвртата коалиција, која по победите на Наполеона кај Јена и Ауерштат, знатно ослабнала. Значаен чекор во елиминирање на силите на коалицијата, а особено на Британија, Наполеон направил со донесување на „Берлинскиот декрет" (21. XI. 1806) за кон-

---

[41]) W. M. Leake—G. Canning, H. M. S. Delight at Sea, 20th October 1807. (PRO-FO 78/57).

[42]) D. R. Morrier, 11th Sept. 1807. (PRO-FO 78/58. Turkey. J. R. Morier, D. R. Morier, I. Morier. — January—December 1807).

[43]) A. Paget—G. Canning, Thetis 1st Oct. 1807. (PRO-FO 78/56. Sir Arthur Paget May to December 1807).

[44]) A. Paget—G. Canning, 22nd Oct. 1807. (PRO-FO 78/56).

тиентална блокада. Тенденцијата била Велика Британија економски да се упропасти. Тоа се одразило и врз другите европски земји. Голем удар на коалицијата Наполеон извршил и со поразот на руската војска кај Фридланд (14. VI. 1807), што довело до заклучување до Тилзитската спогодба за мир. (7. VII. 1807).

Споменатите настани се одразиле врз мисијата на В. М. Лик. Пред сè со континенталната блокада Наполеон имал интерес за левантинската трговија[45]) и настојувал да ги подобри односите со Портата, особено економските врски, под што се разбирале и врските со европскиот дел на Турција, за кои Франција била и политички заинтересирана. Оваа заинтересираност Наполеон ја изнел и на преговорите со рускиот цар Александар I во Тилзит. За време на овие преговори се покренало прашањето за поделба на Турција. Се разговарало за „турското наследство", а не се донела некоја конкретна согласност. Во разговорите била опфатена и Македонија, заедно со прашањето за разделбата на Турција. Истото тоа се покренало и во Ерфурт (1808)[46]). Сè поголемото Наполеоново ангажирање во турските работи особено пробивот кон бреговите на Албанија и Грција, прашањето на Крф и на јонските острови, довело до влошување на односите на Али Паша со Наполеона, односно, како што истакнал Е. Дрио, до „опозиција против Франција"[47]). Тоа довело до повторно приближување на Али Паша кон англичаните, кое требало В. М. Лик да го искористи. Така, со писмо од 11 ноември 1807 година, В. М. Лик му соопштил на Г. Канинг дека ја продолжил средбата со Али Паша[48]). Оваа средба, како што и понапред споменавме, тој ја извел според инструкциите на А. Пецет. Оваа инструкција е важна и поради тоа што Пецет му сугерирал на Лик да преговара и со „. . . other of the governors of the Turkish provinces in Europe, with whom in your judgement, from your local knowledge, you may think it expedient to enter into negotiation"[49]). Ова забележување е значајно, пред сè заради опфатеноста на Ликовата мисија, во која влегувала и Македонија. Низа подробности за тоа В. М. Лик изнесува во своите извештаи, поврзани со Македонија.

Средбата на В. М. Лик со Али Паша имала очигледна политичка тенденција, како што тоа веќе е разработено во литературата[50]).

Кај Али Паша В. М. Лик се задржал малку време, бидејќи здравјето му се влошило и тој се вратил во Велика Британија[51])

---

[45]) Е. В. Тарле, Континенталная блокада. — Сочинения. Т. III. Москва 1958, 335—336.

[46]) Види: J. A. R. Marriott, Op. cit., 184—189; E. Driault, Op. cit., 197—214; W. Miller, The Ottoman Empire and its Successors. 1801—1927. Cambridge 1936, 38—42; Napoleon et Alexander Ier. Paris 1893, vol. I, 180—186; Rüter P., Die Türkei, England und das Russisch-Französische Bündnis 1807—1812. Emsdetten 1935, 13—38; Внешная политика России., Т. IV, 559—562; и др.

[47]) E. Driault, Op. cit., 267—288; Види исто Rodocanachi, Bonaparte et les Isles Ioniennes. Paris 1899, 180—225.

[48]) W. M. Leake—G. Canning, loth Nov. 1807 (PRO-FO 78/57).

[49]) A Brief Memoir., 25—26.

[50]) Види: Plomer W., Op. cit., 125—130; A. Boppe, Op. cit., 146—148; J. W. Baggaly, Op. cit., 30—39; G. L. N. Collingwood, Op. cit., 322—323.

[51]) A. Brief Memoir., 27—28.

Потребата од ново продолжување на мисијата на В. М. Лик во европскиот дел на Турција, го наметнала неговото повторно ангажирање, со што започнала третата етапа од неговата мисија. Тоа станало есента 1808 година. Со писмо од 21. X. 1808 година секретарот Канинг го известил Лика за новата мисија и му ги изнел инструкциите, во кои се насира целта за ново зајакнување на британските позиции во европскиот дел на Турција. Во инструкциите точно се набележани дејностите што требало Лик да ги изврши. Како основно се поставувало придобивањето на Али Паша и оневозможувањето на француски напад на европскиот дел на Турција. Исто така се сугерирало стапување во допир и со останатите месни владетели и нивното придобивање за британската страна, а против потфатите на Французите. За сите акции, и за резултатите од разговорите, В. М. Лик бил задолжен да испраќа подробни извештаи[52]). Интересно е да се заклучи дека и овој пат В. М. Лик бил задолжен во опсегот на својата мисија да опфати поголемо подрачје. Во него влегувала и Македонија.

По добивањето на инструкциите, В. М. Лик преку Малта поминал во февруари 1809 година, во европскиот дел на Турција и престојувал подолго време во Епир и Албанија и тоа во Превеса и во Јанина. Освен тоа, тој и натаму патувал низ спомнатите: Епир и Албанија, а потоа во Тесалија, Македонија и други области[53]). Со Али Паша В. М. Лик имал повеќе средби и тоа мошне успешни и поволни за Британија, за што веќе е пишувано[54]). Во овие преговори биле опфатени и поголеми подрачја. Тука влегувала и Македонија, со оглед на тоа што извесен дел од западна Македонија се наоѓал под власта на Али Паша.

Во текот на третата етапа од својата мисија В. М. Лик престојувал во европскиот дел на Турција сè до крајот на 1809 година. Неговото задржување било, покрај другото, условено и од држањето на Али Паша. Неговата ориентација кон Французите, што дошла до израз при крајот на 1809 година[55]) значела и пресвртница за натамошниот тек на Ликовата мисија. Тоа во суштина значело и крај на неговата мисија на Балканот[56]).

Значајно е да се спомене дека за време на својот престој во Јанина В. М. Лик се сретнал во 1809 година со својот голем сонародник, познатиот британски поет, Џорџ Ноел Гордон Бајрон. За оваа средба извесни податоци наведува и самиот Бајрон во забелешките кон „Чајлд Харолд" (Childe Harold's Pilgrimage), како и кон одделниот додаток на оваа поема. Според хронолошките белешки за животот на Бајрон може да се установи дека тој во Јанина се наоѓал помеѓу 9—31 октомври 1809 година. Во ова меѓувреме можно е неговото среќавање со В. М. Лик[57]). Во едно писмо Бајрон споменува дека кај Али Паша: бил „an Englishman of

[52]) G. Canning—W. M. Leake, London 21st Oct. 1808. (PRO-FO 78/61. Turkey. Ali Pasha-Captain W. M. Leake. January to December 1808).

[53]) A Brief Memoir., 31.

[54]) Види: J. W. Baggally, Op. cit., 30—32; Adair R., Op. cit., 143—146; F. H. Marshall, Op. cit., 158—168.

[55]) J. W. Baggally, Op cit., 42—43.

[56]) A Brief Memoir., 31—32.

[57]) The Poetical Works of Lord Byron. London 1876, IX; Dictionary of National Biography, Oxford, vol. XI, 765.

rank was in his dominions" В. М. Лик многу му помогнал на Бајрона да се снајде во Албанија, да се запознае со положбата во оваа земја, како и со соседните земји и области[58]). Во едно друго писмо и во белешките за Албанија и Албанците, Бајрон споменува дека со дел на Македонија господарел самиот Али Паша. Освен тоа интересни се неговите белешки за тогашната состојба на Турција и Турција („On the Present State of Turkey and the Turks"), кои во прилична мера ги надополнуваат податоците за положбата во европските делови на империјата[59]).

Средбата на В. М. Лик со Бајрон ја акцентиравме не само заради споменувањето, во конкретниот случај во белешките, на Македонија и положбата во неа, туку и заради тоа што В. М. Лик му бил на Бајрон и главниот информатор за ситуацијата во целиот европски дел на Турција, чиј поголем дел, а особено јужниот, Лик го посетил. Тоа биле навистина веродостојни укажувања, што ги набљудуваме како од белешките на Бајрон кон „Чајлд Харолд", така и во неговите посебни додатоци. Освен тоа, кажувањата на В. М. Лик служеле најверојатно и како мотив, кој така исцрпно Бајрон го користел во неговата прекрасна поема „Чајлд Харолд", во која, особено во песните I и II, чие пишување го започнал во Албанија, и во Смирна, ги воспеал подвизите на балканските народи. Тој ги воспеал и подвизите на Македонците во „Canto the Second", а особено во строфата:

„The wild Albanian kirtled to his knee,
With shawl-girt head and ornamented gun,
And gold-embroider'd garments, fair to see;
The crimson-scarfered men of Macedon;
The Delhi with his cap of terron on. . ."[60]).

Тоа значи дека В. М. Лик во текот на својата мисија вршел и дејност во пренесување на стекнатите искуства од својот подолг престој во европскиот дел на Турција, во конкретниов случај информирал меѓу другите земји и за положбата во Македонија. За тоа ни сведочат спомнатите податоци од Бајрон, како и мотивите во неговата поема „Чајлд Харолд".

Како што споменавме понапред, мисијата на В. М. Лик завршила при крајот на 1809 година. Во почетокот на 1810 година тој се вратил во Велика Британија. Завршувањето на неговата мисија било дочекано благонаклоно. Неговата мисија била оценета како „just and reasonable". Тоа придонело за покачување на неговите принадлежности и за унапре-

---

[58]) Ibidem, 22—23; Х. Андоновски (Полјански), Марко Бочвар. — Нова Македонија — Разгледи бр. 43 (19. XI. 1953), 172 — 175.

[59]) Ibid., 21, 762—763, 767—768.

[60]) Childe Harold's Pilgrimage. Canto the Second 58 (The Poetical Works., 22).
Препевот на строфата на македонски е следен:
„Албанецот, со чалма, застанал на патот,
а пиштолот со резба беше шарен сет,
навезена му беше дреата со злато. . .
Македонец со појас, крвав, сиот блед
крај делија што држи јатаган. . ."
(Бајрон. Приредил и препеал Георги Сталев. Скопје 1961, 66).

дување во повисок воен чин[61]). Тој самиот се зафатил со средување на собраниот материјал, на белешките, мемоарните записи и друго. Во нив значителен дел од материјалот се однесувал на Македонија и нејзиното културно наследство. Тие му послужиле и како основен и главен материјал за пишување на своите трудови. Освен тоа, како основа му служеле и политичките извештаи, што ги испраќал во време на својата мисија до своите претпоставени. Поголем број од нив се однесуваат до Македонија. Тие особено претставуваат изворен материјал за тогашната состојба на јужните и западните делови на Македонија, кои В. М. Лик имал можност да ги посети во текот на својата мисија.

III.

Извештаите на В. М. Лик, што тој ги испраќал до своите претпоставени во време на својата мисија, изнесуваат мошне автентичен материјал и за тогашната состојба во Македонија, особено за нејзините значајни географски и стратегиски пунктови во западните и јужни делови. Појдувајќи од целта да ги испита и овие центри во европскиот дел на Отоманската империја, В. М. Лик се стремел што поверодостојно да ги акцентира овие пунктови во нивната стратегиска специфичност. Нагласувањето на важните комуникациони трансверзали, како и на другите можни премини, му служеле како податоци од прв ред, за да може со тоа да ја определи можноста за воени операции. При тоа тој комплетирал и друг материјал од интерес, што било поврзано со можноста за што поглобално претставување.

Уште пред самиот почеток на својата мисија во едно писмо од 21 јануари 1805 година, бележејќи го значењето на албанските брегови и можноста за премин кон внатрешноста, В. М. Лик го разгледувал начинот за префрлување „an army directly across the country from thence to Salonica". Нафрлувајќи ја таа мисла, тој смета дека тоа испитување во иднината ќе се наметне.[62])

Започнувајќи ја конкретно својата мисија, В. М. Лик, веќе во септември 1805 година посетува некои јужни и западни делови на Македонија. Одејќи по патот од горна Тесалија кон Македонија, т.е. модерниот пат за Солун, тој продолжил кон Костур, определувајќи го како „цврсто утврдено место", и оттука ги обиколил планините на Македонија. Тука тој ја определува важноста на премините помеѓу горна Тесалија и Македонија, со забележување на низа детали за секој еден од нив, како и за клисурите што ги поврзувале. Нагласувајќи го тоа тој наведува дека „до колку непријателот, кој би напредувал долж via Egnatia кон Охрид, би го зазел овој проод, тогаш тој би му овозможил лесно да навлезе во низијата, што се протега дури до планината Ета."[63]) Тука тој ја подвлекува целта на својот пат која се состоела во определувањето на можноста за премините, како и нивната практична вред-

[61]) A Brief Memoir., 33.
[62]) W. M. Leake—Lord Harrowby, Corfu 21st January 1805. (PRO-FO 78/57).
[63]) W. M. Leake—Lord Mulgrave, Joannina 7th November 1805. (PRO-FO 78/57).

ност. Тој сметал да го истита целиот Via Egnatia и да стигне во Солун и таму да го заврши патот по Тесалија и Македонија. Меѓутоа, на тоа му попречиле судрувањата и воените дејствија на одметничките паши: Али Паша Јанински и Ибраим Паша Бушатли од Скадар. В. М. Лик го нагласува нивното судрување во низините на Охрид, каде трупите на Али Паша излегле понадмоќни. За овие судрувања тој изнесува и други подробности. Покрај другото, соопштува и за движењето на француски агенти, кои секако биле и пречка за понормалното изведување на неговата доверлива мисија, за спроведување во дело на планот за испитување на Тесалија, Албанија и Македонија.[64]) Меѓутоа, во едно известување од 12 март 1806 година соопштува дека скицираниот план за посета на Тесалија и Македонија уште не можел да го изведе. Но, наведува дека би било корисно да ги преиспита проодите „што водат од Драч и Авлона кон Солун преку Румелија." Тој споменува дека тоа ќе го исполнел „идното лето", како што и било предвидено со добиените инструкции.[65])

Во согласност со ветувањето, веќе следниот извештај В. М. Лик го посветил на јужните делови на Македонија, кои ги посетил есента 1806 година. Турата на патот го водела на релацијата: Света Гора—Халкидикскиот Полуостров—Амфиполис—Серез—Солун. Оттука поминал на релацијата: Еници—Воден—Верија—котлините на Халиакмон—покрај Кожани и Селфице—Еласона и Лариса—Солун.[66]) Како што се гледа неговата цел се состоела да направи едно кружно патување по јужните делови на Македонија и тоа по најзначајните комуникации. За целта на ова патување тој вака се искажува: „Главниот предмет на ова патување беше да ги утврдам воените одлики на земјата и од незабележливите места што ги посетив да приберам некои податоци во врска со внатрешноста на тие провинции, особено за главните патишта што водат од рамниците на Србија, Софија и Пловдив, во оние од Серез и Солун, како и за меѓите меѓу последниве и оние на Тесалија и горна Македонија. . ."[67])

Согласно на наведеното В. М. Лик прави анализа на покарактеристичните точки, особено на важните комуникации во источните делови на приморска Македонија, на особеностите на струмската долина и поврзаноста со важните северни комуникации. Потоа се осврнува на комуникациите на Повардарието и нивните утврдувања. Тие премини ги смета како „најзначајни во западниот дел на Европска Турција."[68]) Тука посебно ја нагласува важноста на Демир Капија, како „клисура од извесно значење", а особено „од голема важност до колку трупите, што наидуваат од Драч и западниот брег сакаат да ги заобиколат планините што се наоѓаат меѓу Битола и Воден, би тргнале по долината на Црна и Вардар."[69]) По ова се осврнува на врските помеѓу Солунскот

[64]) Ibidem.
[65]) W. M. Leake — Lord Mulgrave, Tripolitza 12th March 1806. (PRO-FO 78/57).
[66]) W. M. Leake — Lord Howick, Salonica 25th January 1807. (PRO-FO 78/57).
[67]) Ibidem.
[68]) Ibid.
[69]) Ib.

залив и премините кон Тесалија и западните делови на јужна Македонија и врските со нејзиниот западен дел. Особено го нагласува патот Воден—Солун и при тоа го образложува преминот на Via Egnatia и неговото поминување кон битолската и охридската рамнина и оттаму кон Драч. Тука сумарно ги набележува важните プроoди на овој значаен пат и тоа од Солун до Драч. Сличен ваков осврт прави и на патот Солун—Цариград. Ова нагласување му служи на Лик да потцрта дека тој премин бил најнепосреден за врската на копното на Румелија со Цариград и бидејќи поминувал низ „најбогатите земји на Европска Турција, особено низ рамниците на Солун и Серез." Исто така тој ја истакнува и предноста на полињата на Охрид и Битола, како важни центри на резерви. При ова тој ја набележува дејноста на Французите во овие краишта, а особено во Албанија, за зголемување на своето влијание.[70])

По географскиот и стратешкиот осврт В. М. Лик се задржува и на политичката ситуација на овој терен. Го нагласува господството на одметничките и другите паши и нивната територија и тоа: Али Паша Јанински; Исмаил бег од Серез; Ибраим Паша од Скадар и во солунскиот крај, во кој господареле богати бегови. За сите нив В. М. Лик дава определена карактеристика, а особено нагласувајќи ја величината на Серескиот управител, кој бил најмоќен по Али Паша Јанински. Прави осврт на неговите воени сили и на територијата со која господарел. Истото тоа го прави и за другите паши кои во она време господареле со Македонија. По ова В. М. Лик се осврнува на населението, кое страдало од феудалната експлоатација на споменатите бегови. Ја нагласува при тоа и улогата на јаничарите и на другите слоеви, како и на нивната отпорност во случај на надворешен напад.[71]) Како прилог кон извештајот В. М. Лик донесува карта-скица на еден дел од Македонија, вклучувајќи ги месностите на патот Via Egnatia од Елбасан до Гјумерџина.[72])

Во извештаите што В. М. Лик ги подготвил за својот престој во Албанија, а особено за своите врски со Али Паша Јанински, исто така наидуваме на податоци од интерес за Македонија. Така, во извештајот од 18 ноември 1807 година, кој стриктно се однесува за неговиот разговор со Али Паша се изнесени одредени значајни становишта. Така, В. М. Лик изнесува дека за време на разговорот со јанинскиот Владетел, била засегната меѓународната ситуација и можноста на согласување помеѓу Франција и Русија, кои можеле да ги затворат северните граници и да ги разделат меѓусебно европските поседи на Турција. Кон различните подрачја на Балканот силите пројавувале интерес и дури, според В. М. Лик, преземале соодветни акции. Наведеното В. М. Лик го нагласил со цел да го добие мислењето на Али Паша. Меѓутоа, последниот не бил кате-

[70]) Ib.

[71]) Ib.

[72]) „Sketch of Part of Macedonia including the Environs the Via Ignatia from Elbassan to Gumergina" (W. M. Leake—Lord Howick, Salonica 25th January 1807 — Inclosure (PRO-FO 78/57).

горичен во одговорот, по што Лик пледирал на британската помош за спротивставување на „секакви инвазионисти"[73].

Според инструкцијата што ја добил В. М. Лик бил задолжен да ја разгледа и наклоноста кон Британија на другите паши во европскиот дел на Турција. При ова тој особено се задржува, во овој ист извештај, на Исмаил бег, господарот на Серез и на серескаta област. Смета дека овој паша бил најбогат и најмоќен и дека ја имал контролата на врските од Србија и Бугарија кон Македонија, со тоа имал голема предност во случај на надворешен напад. Меѓутоа, со оглед на тоа што тој немал делови од морскиот брег, В. М. Лик заклучува за неможноста со него да се преговара, но се зело предвид дека ги чувал своите сили во одбранбена состојба[74]).

В. М. Лик во овој извештај го пренесува и ставот на јавното турско мислење и тоа од Солун, по слушањето на гласовите за преговорите во Тилзит. Лик смета дека Турците „почнале да извикуваат против предавството на Французите[75]). Тоа се поврзувало со француско-руските планови за разделба на европскиот дел на Турција.

Општата расположба во европскиот дел на Турција В. М. Лик ја зафаќа и во другите извештаи, што ги испраќал од Албанија. Особено се карактеристични извештаите од 1809 година, во кои наидуваме на достатно материјали и за тогашната положба во Македонија. Тој го третира општиот проблем околу можноста за француски напад во балканските провинции. Тоа наоѓа израз и во неговиот разговор со Али Паша, за што поднел опстоен извештај датиран на 6 март 1809 година[76]). Истото тоа В. М. Лик го подвлекува во еден специјален извештај од 16 мај 1809 година. Во него глобално ја третира политичката ситуација во Европска Турција. При ова ја наведува ангажираноста на Исмаил бег од Серез околу собирањето на помалите управители околу неговите граници на пашалукот. Исто така В. М. Лик споменува за текот на Српското востание и за акциите на турските војски со центри во Велес и Солун преземени за неговото задушување[77]).

Во својот извештај В. М. Лик ја подвлекува и општата состојба на Отоманската империја. Тој ја нагласува нејзината разединетост, која не ветувала ништо добро за нејзиниот натамошен просперитет[78]).

Извештаите на В. М. Лик со словото на аргументите ја илустрираат опфатноста на неговата мисија. Податоците што ги изложил служеле како веродостоен показател за една карактеристична состојба, во која, меѓу останатите заинтересирани подрачја, се наоѓала во она време и Македонија. Од тоа и произлегува заинтересираноста негова што поав-

[73]) W. M. Leake — George Canning. H. M. S. Delight at Sea, 18th November 1807. (PRO-FO 78/57).

[74]) Ibidem.

[75]) Ibid.

[76]) W. M. Leake — George Canning, Prevesa 6th March 1809. (PRO-FO 78/61. Turkey, Canning—Leake 1809).

[77]) W. M. Leake — George Canning. Joannina 16th May 1809. (PRO-FO 78/65. Turkey, Canning—Leake. 1809).

[78]) Ibidem.

тентично да ги прикаже тогашните нејзини специфичности, особено во географски и стратешко-военен поглед, Тоа секако им служело на политиката и на интересот, на кои В. М. Лик бил протагонист така сесрден и доверлив.

## IV.

Третманот на мисијата на В. М. Лик би бил непотполн ако не се направи воопштен осврт и на неговите трудови и статии, во кои среќаваме достатно стојносен материјал и за географијата, историјата, археологијата, нумизматиката, ракописното и другото богатство на Македонија. Мошне верзиран во спомenатите дисциплини, В. М. Лик како ентусиазиран истражувач и собирач, настојувал, покрај својата примарна политичка мисија, да собере што повеќе изворен материјал, кој му послужил по враќањето во Британија да напише низа трудови и статии. Имено, по враќањето во Британија В. М. Лик со голема сериозност се зафатил со средување и обработка на собраниот материјал, на бројните хартии и белешки и на низа колекции на материјали. Со тоа започнал и периодот на неговата научноистражувачка работа, која му донела доста успех и признание[79]).

Во обемната продукција на В. М. Лик на прво место спаѓаат неговите патеписи. Првиот труд од оваа област тој го издал во 1814 година под наслов: „Истражувањата во Грција" (Researches in Greece). Во овој труд тој ги изнел резултатите од своите истражувања на Балканот, во кои предоминантно место заземаат неговите историски и филолошки истражувања. Истражувањата во Македонија ги вметнува В. М. Лик под истражување на „Illyricum" сметајќи при тоа на опширното подрачје на Балканот. На прво место ги разгледува модерните јазици на Балканот. Иако е недоследен во толкувањето на македонскиот јазик и на јазиците на другите народности во Македонија, изнесува низа забележувања за карактеристиките на дијалектите во јужна и северна Македонија[80]). Во историскиот осврт прави анализа на словенските навлегувања во Македонија, како и за нејзината натамошна историја. За раносредновековната историја се служи, главно, со Е. Гибон (Edward Gibbon)[80]а), а за византискиот период со византиските извори, при што не е достатно критичен. Изнесува извесни подробности околу историјата и развитокот на македонските градови. Така, на пример цитирајќи ја Ана Комнена смета дека Лихнид (Lychnidus) во времето на Самоил (Samuel) добил име Охрид (кај него: Achris)[81]). Ја изнесува историјата на Самоила, како и паѓањето на неговото владетелство. Дељана го наречува — „Крал Петар Дељан" (кај него: „King Peter Deleanus")[82]).

79) A Brief Memoir., 33.

80) W. M. Leake, Researches in Greece. London 1814, IV—V, 372—374 и сл.

80а) За Е. Гибон види: E. Gibbon. The History of the Decline and Fall of the Roman Empire. London 1895—1900 (I изд. 1776—1778).

81) W. M. Leake, Researches, 371,

82) Ibid., 377.

Во овој труд В. М. Лик го третира и проблемот на словенското навлегување на Балканот. Смета дека сиот север од Грција бил окупиран од словенските племиња и тоа од шестиот до петнаесеттиот век, дури смета дека, според изворите, и Пелопонез бил од нив окупиран. Тоа го поврзува со создадената последица, што нашла израз во бројните имиња од словенско потекло (кај него — „of Sclavonian derivation"), а може да се најде во секој дел на Грција. Тој заклучува дека античкото име добило словенска терминација (кај него: „received a Sclavonian termination in ista, itza, itzi, avo or ovo")[83]). Со тоа В. М. Лик прави анализа на влијанието на словенската колонизација и врз грчкиот јазик[84]). Како потврда на своите заклучоци В. М. Лик го приложува кон овој свој труд Данииловиот „Четиријазичник", за кој уште не е точно утврдено кога е печатен: 1760, 1770 и преизладен 1802.[85]). Самиот Лик истакнува дека книшката на „Четиријазичникот" била печатена на грчки, (со приложен речник на четири јазика) во Москополе и смета дека тоа станало „околу 50 години порано, што значи околу 1760.[86]). „Четиријазичникот" В. М. Лик го титулира како: „Lexicon Tetraglosson" (во грчкиот оригинал: Λεξικὸν τετράγλωσον"), додека насловот на примерите што ги ползува: „Pentagloss Exercises"[87]), со оглед на тоа што внесува превод на речничкиот материјал на четирите јазика и на англиски јазик. Во речникот се употребени материјали од југо-западните македонски дијалекти од околината на Битола, со паралелно изнесување на албански, романски грчки текст со англиски превод. Така што, за македонскиот материјал преводот на англиски значи прв обид на македонско-англиски, односно англиско-македонски речник[88]).

Значајните прашања, што В. М. Лик ги разработил во своите „Истражувања" веднаш го предизвикале вниманието на научната критика и за нив се направени позитивни осврти[89]).

Мошне важен патеписен труд на В. М. Лик претставуваат четиритомните „Патувања во северна Грција" (Travels in Northern Greece), објавени во 1835 година. Во овој обемен труд В. М. Лик ги изнел резултатите од своите патувања, потоа испитувањата за античната историја и географија. Во трудот се изнесени и низа детали од текот на неговата мисија, со внесување на подробности од историјата, економијата, етнографијата, фолклорот и јазикот. Во првиот и третиот том е изложен мошне опстоен материјал за резултатите од неговите патувања низ Македонија. Податоците што овдека се изнесени во голема степен го надополнуваат кажаното понапред, што е работено врз база на архивски материјал за мисијата на В. М. Лик во Македонија.

---

83) Ibid., 379—380.

84) Ibid., 380—381.

85) Види: Погорелов В. А., Op. cit., 3—4; Х. Поленаковиќ, Op cit., 29; К. Вълканов, Op. cit., 86.

86) W. M. Leake, Researches., 381.

87) Ibidem, 381—383.

88) Ibid., 383—402.

89) Види: Art. XII. Reseaches in Greece, by W. M. Leake. London 1814. (Leake's Researches in Greece). — The Quarterly Review (London) vol. 11 (1814), 458—480; Jahrbucher der Literatur. (Wien). Bd. 34 (1826), 111—145.

Во својот труд В. М. Лик детално се осврнува на секое свое патување во Македонија. Така, за време на патувањето во 1805 година се осврнува на местата при премините од Епир кон Македонија, додека поголем акцент дава на позначајните центри, како на пример на Костур, со опис на бројот на населението и неговото занимање и на положбата во градот[90]). Истото тоа го прави и за патувањата во 1806 година по релацијата: Света Гора—Струма—Серез—Солун. Најподробен опис дава на Серез и тоа за неговата положба, стопанството, бројот на населението и неговата ситуација. Доста простор одделува на земјоделските потенцијали на Серез и околијата. Се осврнува на памукот и неговиот експорт особено за Виена. Посебен осврт прави на тврдините и другите знаменитости.[91]) Се задржува и на помалите места на патот кон Солун, за да даде опстоен опис на самиот Солун — за неговата историја, знаменитости, трговијата и друго. Го акцентира опаѓањето на солунската трговија, на која тутунот ѝ служел како главен извозен артикал[92]). Во натамошното излагање прави опис на местата надвор од Солун: на Енице, Меглен и Воден. Имињата на — Меглен и Воден (кај него: Moglená, Vodhená — од — Voda, со грчка терминација), ги изведува дека се од чисто словенско потекло, поврзано со навлегувањето на словенските племиња во Македонија[93]). Повеќе се задржува на описот на Воден и неговите знаменитости. Нагласува дека словенските христијани во градот „го игнорирале грчкиот јазик" (кај него: „. . .in general are ignorant of the Greek language")[94]). Освен тоа В. М. Лик говори дека црквената јурисдикција на градот припаѓала кон Охридскиот митрополит („archi bishop of Achris"). Тој изнесува податок дека Јустиниан основал во Охрид град и му дал име „Justiniana Prima" (кај него: „when he founded at Achris the town he named Justiniana Prima.")[95]) Смета дека Охридската Архиепископија била афтокефална и независна од грчкиот патријарх.[96])

Опстоен осврт В. М. Лик прави и за Пелагонија. Се задржува на знаменитостите на античка Хераклеја и на Лихнид. Посебно се осврнува на античките натписи од овие наоѓалишта[97]). По описот на ова го опишуобратниот кружен пат кон Солун[98]).

Во одделно поглавје на овој труд В. М. Лик ја разгледува компаративната географија на Македонија („Comparative Geography of Macedonia"), со опис на поважните места и нивните антички називи. Опфатени се, главно, областите во долна и горна Македонија: Солун—Стоби—Скопје (кај него: Skopia) и Велес (кај него: Velesa). Освен тоа, посебно ја акцентира важноста на Скопје[99]).

[90]) W. M. Leake, Travels in Northern Greece. Vol. I. London 1835, (Ch. VI. Epirus — Macedonia, 263—315; Ch. VII. Macedonia, 316—362).

[91]) W. M. Leake, Travels., vol. III (Ch. XXV. Macedonia, 158—208; 200—208).

[92]) Ibidem (Ch. Macedonia, 209—257).

[93]) Ibid., (Ch. XXVII. Macedonia), 270.

[94]) Ib., 272—273.

[95]) Ib., 273.

[96]) Ibidem.

[97]) Ibid. (Ch. XXVIII. Macedonia, 311—326).

[98]) Ibid. (Ch. XXX. Macedonia, 401—438).

[99]) Ibid (Ch. XXXI. Macedonia, 439—487).

Како додаток кон трудот приложени се мапи и натписи. Меѓу нив една мапа се однесува за Македонија[100]) и некои старогрчки натписи од Серез, Солун и Воден, кои В. М. Лик ги нотирал за време на своето патување[101]).

Занимајќи се подолго време со прашањата на антиката, В. М. Лик посебно внимание ѝ обрнал на античката географија и на нумизматиката. Од областа на античката географија е неговиот труд" За понекои спорни прашања на античката географија" (On some Disputed Questions of Ancient Geography), што го објавил во 1857 година. Во овој труд тој третира низа спорни прашања од античката географија. При ова се опфатени и низа прашања од античката географија на античка Македонија. Општо ги разработува проблемите на: Macedonia Upper, Macedonian Orestis, Macedonian Chalcidice и други[102]). Одделно расправа за: Axius, Lyncestae, Thessalonica, Pelagonia, Stobi[103]). Овие негови испитувања се мошне поволно оценети. А Михелис (A. Michaelis) го оценил В. М. Лик како основач на научната географија на античка Грција[104]).

Големо признание В. М. Лик добил за објавување на големата колекција нумизматички материјали. Оваа голема колекција тој ја собрал во време на своите патувања во европскиот дел на Турција, ја средил и ја објавил со коментари во два прилога. Најопстоен му е трудот: „Нумизмата Еленика" (Numismata Hellenica), што го објавил 1854 година. Во оваа збирка се внесени и нумизматички материјали од Македонија. Во неколкуте оддели содржан е доста богат материјал за Македонија. На прво место се материјалите — Kings of Macedonia[105]), потоа, според индексот, посебно под — Macedonia[106]), и Reges Macedoniae[107]).

Во 1859 В. М. Лик објавил втор прилог од „Нумизмата Еленика"[108]) Од Македонија внесени се нумизматички материјали под — Kings of Macedonia и општо под — Europe[109]).

---

[100]) Map-Macedonia including Paeonia with the adjacent parts of Illyria and Epirus.. (Travels., vol. III — Map.).

[101]) Inscriptions — No 126. At Serres; No 130—137. At Salonica; No 138—140. At Vodhená. (Travels, vol. III — Inclosures).

[102]) W. M. Leake, On some Disputed Questions of Ancient Geography. London, 10, 11, 12, 18, 76, 86 и сл.

[103]) Ibidem, 10, 11, 47, 64, 104.

[104]) Sandys J. E., Op. cit., 442—443.

[105]) W. M. Leake, Numismata Hellenica: A Catalogue of Greek Coins. London 1854, VII, 1—67, 1—155, 1—109, 109—165, 1—47, 47—80, 1—3, 1—40. (Kings: 1—16).

[106]) Macedonia: Acanthus 1; AEgae 47; AEneia 5, 156; Amphaxii 9; Amphipolis 10, 156; Aphytae 14; Apollonia Mygdoniae 16; Bisaltae 157; Bottiaei or Botteatae 29; Cassandreia 32; Chalcis 33; Datus (Neopolis) 76; Dium 46; Edessa 47; Eion 48; Eurydiceia 53; Lete 60, 161; Macedonia 64, 161; Mende 73; Neopolis 76; Orthagoreia 82; Ossa 82; Pella 85; Philippi 90; Potidaea 94; Thessalonica 104; Torone or Terone 107; Traelium, Tragilus 108; Uranopolis 109.

[107]) Reges Macedoniae: Alexandrus I 1; Archaelaus 1; Aëropus II 2; Pausanias 2; Amyntas II 2; Perdiccas III 2; Philippus II 3; Alexandrus III (Magnus) 4,64; Pilippus II (Aridaeus) 9; Cassandrus 10; Philippus IV 10; и други.

[108]) W. M. Leake, A Supplement to Numismata Hellenica: A Catalogue of Greek Coins. London 1859, V, 1—9, 10—109, 110—151, 152—174, 175, 176—178, 179, 183—189.

[109]) Ibidem, 1—3, 10—109.

В. М. Лик се занимавал и со новата политичка историја. Од оваа област го објавил во 1825 година трудот: „Еден историски очерк на Грчката револуција „ (An Historical Outline of the Greek Revolution). Во овој труд е третирана и македонската историја и тоа особено положбата во Македонија во време на грчката револуција од 1821 година. Ја подвлекол положбата на македонските селани и тешкиот притисок што го вршеле над нив Турците. Анализирајќи го текот на грчката револуција, се осврнува и на нејзиниот одглас во солунско, а особено се задржува на востанието во Његуши 1822 година[110]).

Опусот на В. М. Леаке наишол на мошне поволен впечаток и на позитивна критика. Сериозноста во обработката на материјата, употребата на богат изворен материјал, собран на актуелните проблеми, придонеле за таквото внимание. Уште во свое време бил окарактеризиран како — „au premier rang des voyageurs archéologues de notre époque"[111]) Особено големо признание му донеле неговите патеписи, благодарение на кои бил оквалификуван како „the famous traveller"[112]).

Признание за својата научна дејност В. М. Лик добил и по тоа што бил избран за член на неколку како британски, така и други научни друштва[113]).

Во време на изведувањето на својата мисија во европскиот дел на Турција, В. М. Лик собирал археолошки знаменитости — бисти, вази; нумизматички материјали и ракописи. Од Македонија пренел: биста на Есхин, најдена во „Bitolia in Macedonia", која ја добил како подарок од Али Паша. Неа во 1839 година В. М. Лик ја предал на Британскиот музеј во Лондон. Исто така ја пренел и бистата на еден старогрчки поет (секако Хомер), исто најдена во Битола. И оваа биста В. М. Лик му ја предал на Британскиот музеј и тоа во 1851 година[114]).

В. М. Лик пренел и знатен број ракописи[115]). Така, од неговата заоставштина Ф. Х. Маршал (F. H. Marshall) го објавил ракописот — „Descriptio Sulli", во кој за Али Паша Јанински се рекло дека бил — „Philippus Secundus Macedo"[116]).

---

[110]) W. M. Leake, An Historical Outline of the Greek Revolution. London 1825˙ 9—13, 41—44, 51—52.

[111]) Leake (W. M.). — Nouvelle Biographie Générale. Vol. III. (Paris, 1859), 54,

[112]) W. Miller, Op. cit., 107.

[113]) A Brief Memoir., 41.

[114]) Види: A Brief Memoir., 39—40; Newton C. T., Hicks E. L., The Collection of Ancient Greek Inscriptions in the British Museum. Part I. Attika. Oxford 1874, CLXXIII; A. Michaelis, Ancient Marbles in Great Britain. Cambridge 1882, 130, 267—268; Х. Андонов — Полјански, Прилози за археолошките знаменитости во Македонија. — Зборник на археолошкиот музеј во Скопје III (1959—1960), 15; Idem, Британска библиографија за Македонија. Скопје 1966, 127. (За В. М. Лик и неговите трудови и собирачка дејност — 52,127 — 128, 130, 150 — 151, 153, 134 — 135, 539, 545, 556, 557, 567),

[115]) Leake W. M. — Enclyclopaedia Britannica. Vol. XV (1911), 329.

[116]) F. H. Marshall, Sulli Historia. — Byzantinisch-Neugriechische Jahrbücher IX (1932), 147, 153.

В. М. Лик пренел во Британија огромна колекција на нумизматички материјали, во која поголем дел и од Македонија. Дел од овие материјали тој самиот го објавил. Во 1864 година, по желба на Лик, истите се продадени за 5000 фунти на „Фицвиљем Музејот" (Fitzwilliam Museum) во Кембриџ[117]).

* * *

Мисијата на Виљем Мартин Лик во Македонија, по својата комплетност и разновидност, претставува научен интерес. Изведена во време на Наполеоновите војни, поконкретно во периодот: 1805—1809 година, таа служела предимно како средство на британската политика да ги осигура своите позиции, да се елиминира француското влијание на овој терен. Зависно од моментната ситуација, мисијата имала поголем и помал интензитет. Нејзиното етапно разгледување го определува радиусот на нејзиниот развиток. Основната цел се состоела во склопот со преземената акција да се испитуваат најважните делови на европскиот дел на Турција, да се проучат и најважните центри во јужна и западна Македонија. Според предвиденото В. М. Лик извршил неколку патувања и на самиот терен ги испитувал: комуникациите, планинските премини, обезбедувањето на тврдините, стратешката важност на значајните утврдувања, општата расположба на народот и слично. За сето тоа, тој со една вонредна минуциозност, подготвил опстојни извештаи што и служеле на британската политика како мошне значаен и веродостоен показател. Неговата мисија била оценета како мошне успешна, зашто за еден терен, дотогаш сосема малку познат, се добиле мошне доверливи и значајни извештаи. Иако во другите подрачја, што ги посетил В. М. Лик вршел и дипломатска мисија, во Македонија тој повеќе вршел испитувачка дејност, со сондирање на теренот и прибирање на автентичен материјал од интерес.

Политичката мисија на В. М. Лик претставувала значаен потфат на тогашната британска политика. Освен тоа, оваа мисија имала и друго свое значење. Имено, В. М. Лик не бил само опитен дипломат, воен набљудувач и информатор, туку и мошне солиден научник-археолог, филолог, географ и историчар. За време на мисијата го испитувал теренот согласно на својот научен интерес и собрал огромен материјал. Како резултат на научно-испитувачката работа објавил ред значајни трудови во кои видно место и е одделено на Македонија, на нејзината политичка и стопанска историја, географијата, археолошките, нумизматичките и други богатства. Со тоа В. М. Лик одиграл голема улога во запознавањето на научниот свет и со специфичните особености на Македонија. Со тоа неговата дејност добива многу по своето значење, зашто во основа служела и за афирмација на Македонија во меѓународни размери.

[117]) Sylloge Nummorum Graecorum. Vol. IV. — Fitzwilliam Museum: Leake and General Collections. London 1940, III—IV (I—XXXIII); W. W., Leake William Martin. — Dictionary of National Biography. Vol. XXXII (1892), 323—324.

*Hristo Andonov-Poljanski*

## WILLIAM MARTIN LEAKE'S MISSION TO MACEDONIA

(*Summary*)

Here, in this appendix, the author deals with the mission of the well-known British political and military figure, archaeologist, philologist, and explorer, William Martin Leake (1777—1860) to Macedonia. This mission was carried out at the time Napoleonic Wars, to be more precise during the period from 1805 to 1809. The basic aim of this mission lay in Great Britain's interest in becoming acquainted with the important centres of the European of the Ottoman Empire. And Macedonia was one of those centres.

Having reviewed the literature and the source materials, the author, on the basis of the archive material found in the Public Record Office in London, considered W. M. Leak'es mission to Macedonia. His mission is reviewed in stages. The treatment follows the movement of W. M. Leake in Macedonia and his basic activity. It consisted investigating of the most important centres in South and West Macedonia, and also communications, mountain passes, fortifications and their strategic importance, towns, etc. In contrast to other missions which W. M. Leake carried out, particularly in Albania, this one to Macedonia did not have a diplomatic character, but rather was purely exploratory. Throughout all his work W. M. Leake sent to his sponsors extremely well-worked information, in which we find very rich material in connexion with Macedonian history.

The mission of W. M. Leake would be incomplete if his written works were not likewise analysed. And so the author considered his descriptions of his travels and other works, in which are displayed the scholarly results of the exploratory work of W. M. Leake. He analysed specific features of Macedonia and that with a view to the history, economy, political state, archaeology, ancient geography, numismatic and other riches of the area. Apart from this, the author also took into consideration the rich archaeological and numismatic material from Macedonia collected by W. M. Leake. Likewise this activity of W. M. Leake, which was an integral part of his mission, is analysed in considerable detail.

Judging W. M. Leake's mission to Macedonia to have been extremely successful, the author comes to the conclusion that its basic aim sprang from the necessity of investigating the territory of Macedonia, as part of the over-all territory of the European part of Turkey („Turkey in Europe"), and which was to serve for the strengthening of British positions and the elimination of French influence. This apart, with his scientific and exploratory work and the publication of its results, W. M. Leake made the scholarly world acquainted with specific features of Macedonia, which activity also served, at the same time, to advance Macedonia's recognition in the eyes of the world.